КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-345/2
18.04 2016 год.
СКОПЈЕ

**Комора на проценувачи на Република Македонија**
**ул.Македонија бр 47/2, 1000 Скопје**
**Сметка бр.300000003545580 Комерцијална банка**
**Даночен број: 4057013520328**
**тел;072/251-407; 02 3151-477**
**емаил: info@komoranaprocenuvaci.mk**
**web: www.komoranaprocenuvaci.mk**

Комисијата за ревизија на процена на недвижен имот формирана со решение број 03 – 349/1 од 13.04.2016 година, решавајќи по барањето поднесено под број бр.335/16 од 28.03.2016 година на Џафер Хотовиќ од Скопје преку посебен старател адвокат Иван Станојевиќ од Скопје за ревизија на Извештај – наод и мислење за проценет недвижен имот-деловен простор изготвена од овластениот проценувач Проценителска куќа Шумантеви ДООЕЛ Скопје со бр.335/16 од 28.03.2016 година, по предмет И.бр.3545/2015 од извршител Гордан Станковиќ од Скопје , врз основа на чл.40 став 3 алинеја 6 од Законот за процена (Службен весник на Република Македонија бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16) донесе

**РЕШЕНИЕ**

Не се утврдува повреда на професионалните стандарди од страна на овластениот проценувач Проценителска куќа Шумантеви утврдена во член 40 од Законот за процена.

**Образложение**

Барателот Џафер Хотовиќ од Скопје преку посебен старател адвокат Иван Станојевиќ од Скопје достави барање за ревизија на проценка (наш бр. 335/16 од 28.03.2016 година) на Извештај за проценка на недвижен имот со број на извештајот бр.335/16 од 28.03.2016 година, изработен од овластениот проценувач Проценителска куќа Шумантеви ДООЕЛ Скопје, по предмет И.бр.3545/2015 од извршител Гордан Станковиќ од Скопје.
Процената е оспорена поради непочитување на стандардите за процена.
По целосно разгледување на доставената документација во прилог на барањето за вршење на ревизија, Комисијата за ревизија на процена на недвижен имот формирана со решение број 03 – 349/1 од 13.04.2016 година го констатираше следното:

Овластениот проценувач Проценителска куќа Шумантеви Скопје ДООЕЛ Скопје ја почитувал важечката методологија за процена на недвижен имот и процената ја изготвил согласно елементите од соодветни табеларни прикази од методологијата полагајќи верба на податоците од имотниот лист за предметниот објект, односно дека нема непочитување на стандардите за процена.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Согласно член 40 став 4 од Законот за процена Комисијата за ревизија утврди дека трошоците за ревизија на процената потребни за работа на комисијата и изготвување на материјали се на товар на лицето подносител на барањето за ревизија на процена, како и трошоците за изготвување на нова процена.

**Претседател на Комисија за ревизија**
**на процената на недвижен имот**
**Љупка Јанчевска**

КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ